Ристо КАРТАЛОВ

# НЕКОИ АСПЕКТИ НА УРБАНИЗАЦИЈАТА ВО СР МАКЕДОНИЈА*

Денешните наслелби како организирани општествени заедници биле формирани во минатото, под влијание на природните и географските особености на средината, за подоцна во нивниот развој сè позначајна улога да имаат бројноста и карактеристиките на населението што живее или живеело во населбите, т.е. од вложениот труд и резултатите на трудот на претходните генерцаии кои живееле во нив. Поради тоа денес можат да се сретнат значителни антропогеографски, просторно-физички, економски, културни, социјални и други разлики помеѓу одделни населби или типови населби.

Карактеристиките на населението на определена населба произлегува од особеностите на поединците кои ја чинат таа популација. Но сепак тие не преставуваат прост збир, туку се јавуват како нов квалитет врзан за населението како множество — популација, и во случајот на населбите тие делуваат врз нив со своите колективни белези[1].

Историски гледано, може јасно да се забележи една постојано присутна промена — еволуција на просторната организација на населеноста на луѓето. Тие промени тесно се поврзани со развојот на средствата за цроизводството кои условиле развој на одделни дејности и активности, применливоста на научно-техничките достигања и општествено-економските односи кои делувале во определена заедница.

Во условите на неразвиеното и автархочно земјоделство, односно во услови на неразвиени средства за производство и неразвиеност на целокупната економска структура на општеството, преовладувал предимно дисперзиран тип на населби. Тоа биле предимно мали селски аграрни населби, меѓусебно неповрзани и главно растурени цо целокупната територија на една општествена заедница. Основното барање

* Во трудот ќе стане збор главно за економските, демографските и просторните аспекти на урбанизацијата. Културните аспекти на урбанизацијата, кои се без сомнение еден од значајните аспеки на урбанизацијата посебно за социологијата, нема да бидат обработени во трудот.

[1] Пишувајки за Лондон, како град до тогаш со најголема концентрација на населението Енгелс вели: „„Оваа колосална концентраиција на два ипол милони луѓе на едно место, им ја зголеми силата на тие да ипол милиони за три пати". Фридрих Енгелс: Положај радничке класе у Енглеској, стр. 38, Култура, Београд, 1951 год.

било да се биде што поблиску до земјата како единствено поле на стопанска активност и средство за производство. Во тој случај, распоредот на населбите во просторот и застапеноста на дисперзираните — мали селски населби била условена од потребата за искористување на земјата како основен фактор на производство и од автархичниот и предимно натурален караткер на производството[2].

Развојот на индустријата, која со победата на капитализмот го отпочна својот победоносен пат од Англија„тогашната работилница на Европа", постепено го афирмира капиталот како општествен однос и фактор на производството. Индустриskiot развој создаде еден концентриран вид на населби — градови, кои својата сила и интензивен подем ја имаа во капиталистичкото стоково цроизводство и интензивното нивно меѓусебно комуницирање. Како што логиката на развојот се одвиваше во односите на производството во условите на капаитализмот — концентрација и централизација на капиталот, така тие процеси ја имаа својата рефлексија и во најзначајната институција — населбата односно градот[3].

Земјата постепено загуби од своето значење како фактор на производството (иако останува и натаму основен услов на земјоделското производство), сѐ повеќе се афирмира факторот знаење, кој својот израз го покажува во континуираното иновирање и унапредување на технологијата на производството.

Водечка улога во тој поглед имаат концентрираните и интегрирани видови населби со интензивни меѓусебни комуникации кои воедно прэставуваат центри на матерјалните фактори на производството односно капиталот, знаењето и технологијата.

И нашата земја во повоениот развиј минуваше од стариот дисперзиран тип кон концентриран и поврзан тип на населби. Со тоа се јави големо поместување на населението од зафрлените и мали кон поголемите населби и тоа предимно кон градовите во кои се сместени објектите на општественото стопанство и институциите[4].

---

[2] Каио илустраиија за тој систем, о свое време, Маркс го земал франиуското село: „Нивното ироизводствено поле, иариелата, ири својата обработка не допушта поделба на трудот; иримена на науката, значи никаква разновидност на развитот никаква разноликост на таленти и никакво богатство на општествени односи. Секое одделно селско семејство си е речиси достатно само на себе, тоа непосредно го произведува најголемиот дел на својата потрошувачка и така средствата за живот повеќе ги добива преку размената со природата одошто преку односите во општествеото. Париела, селанеи и семејство, иокрај него друга париела, друг селанеи и друго семејство. Нивниот збир преставува село, збирот на селата департмант." Карл Маркс: Осумнаести бример на Луј Бонапарта, стр. 121, Култура, Скопје, 1975.

[3] Маркс и Енгелс уште во Комунистичкиот манифест пишувале: „Буржоазијата селото го потчини на господството на градот. Таа создаде огромни градови, многукатно го зголеми бројот на градското население во споредба со селското, така што значителен дел од населението го оттргна од идиотизмот на селскиот живот... Буржоазијата сѐ повеќе ги совладува расиепканоста на средствата за производство, поседит и населението. Таа го натрупува населението, ги централизира средствата за производство и ја кониентрира сопственоста во мал број раие. „К. Маркс + Ф. Енгелс: Манифест комунистичке партије, стр. 16. Напријед, Загреб 1958 год.

[4] Д-р Владо Пуљиз: Ексодус иољоиривредника, стр. 146, Центрар за соииологију града, села и простора, И. Д. Ш. Загреб, 1977.

Старата мрежа на населби, кои за подолга го имаше земјоделството, постепено отпочна да се преобразува во нов тип чија движечка сила се појавија индустријата и градот. Со развојот на индустријата и современата организација на трудот., малите лилипутански села се осудени на изумирање. Перспективата за својот иден опстанок ја имаат осигурано само оние, кои својата демографако-економска и социјално-индустриска рамнотежа ја пронашле или ќе ја пронајдат во развојот на градовите и индустрските или туристичко-рекреативните зони.

Сè додека огромното мнозинство на луѓето било принудено да се занимава со одгледување на растенија и животни т.е. со земјоделство, селото претставувало доминантен облик на просторната организација на животот на луѓето. Тоа биле (а делумно тоа и денес се), мали заедници во кои животот се одвива на мал простор, со наполна економска самодоволност. Економската егзистенција на луѓето се темелела на агрикултурата.

Општествено-економските функции биле задоволувани главно во рамките на селото а ретко во две или повеќе села. Секое домаќинство произволувало главно сé што му е потребно, а размената надвор од селото била спорадична и главно се ограничувала на линија на општествената поделба на трудот помеѓу селото и градот.

Градот се јавил како антипод на селото, кој ги презел и унапредил првобитните функции, институции и вредности на селото се конституирал како просторно собиралиште на сите функции и дејности, кои ја надминувале силата и границата на селскаите заедници и ја изразувале класната поделба на општеството[5].

Во градовите, историски гледано најнапред отцочнале да се развива занаетчиството, трговијата, мануфајктурата а подоцна индустријата и останатите неаграрни дејностим, што едновренено значело и редистрибуција на населението кон неаграрните дејности и градот.

Селото постепено исчезнува како цросторна организирана заедница, а градот во исто време сè уште не успеал да се организира како единствен просторен систем, кој ќе биде во состојба да обезбеди доволно хуман и рационален живот, едновремено и заштитен од предимензионираното и неконтролираното влијание на човекот[6]. И градот и селото денес, пооделно, преставуваат ограничени просторни организации односно институции. Се создаваат големи просторни — агломерациски системи и тоа главно стихијно и неконтролирано, бидејќи, „луѓето нив сè уште ни теоретски не успеале да ги дефинираат пожелните просторни форми на организација, а уште помалку свесно да ги изградуваат“[7].

---

[5] Левис Мамфорд: Град у хисторији, стр. 358, Напријед Загреб, 1968.

[6] Д-р Стипе Шувар: Измеџу засеока и мегалополиса, стр. 203. Центар за социологију села, града и простора, Загреб, 1973.

[7] С. Шувар: Између засеока и мегалоиолиса, стр. 203.

## 1. Прединдустриската урбанизација во Македонија.

Поволната геополитичка положба на Македонија, во која се вкрстосувале главните комуникациски движења од Средина Европа и Мала Азија, како и влијанието на античката цивилизација, условиле оваа територија во минатото постојано да биде населена област. Слично како и во земјите од *античкиот Медитеран*, било застапено живеењето — населеноста во поголеми населби, иако населеноста на руралните подрачја имала доминантно место. Населеноста во поголеми градски населби во античкиот период, главно било условено од погодните природни услови: топлата клима, плодното земјиште во речните котлини, што овозможило развој на земјоделството, но во исто време и развој и на трговијата и занаетчиството.

Според времето на формирање, градските населби во Македонија се со различна старост. Некои населби како што се: Скопје, Велес Штип и Охрид постоеле како населби и пред доселувањето на Словените на Балканот (Велес II век п.н.е., Штип III век п.н.е., Охрид втора половина на V век п.н.е., Скопје VI век п.н.е.).

Овие рани зачетоци на цивилизацијата на наша цочва, односно формирањето на многу од овие градови е извршено во времето на Римјаните како места за стационирање на војска и колонисти, а служеле и како патнички станици, како места за одмор на караваните, за што често биле утврдувамни со ѕидови.

Поголемиот број градски населби во Македонија се споменуват со доаѓањето на Словените. Таков е случајот на Прилеп (VIII — X век, потоа, Дебар, Кичево Радовиш и Струга во XI век, додека Тетово, Куманово, Кочани и Гостивар и во XIII век се споменуваат како села, а постанокот на Битола е сврзан со касниот средновековен период.

Голем број градски населби својот постанок го сврзуваат со доаѓањето на Турците односно како градови се споменуваат во турско време. Таков бил случајот на: Ресен, Крушево, Крива Паланка, Кавадарци, Наготино, Гевгелија.

Во минатото, големи промени во населеноста, во одделни градски населби се случувале пред се под влијание на некои народни катастрофи како што се: војните, земјотресите, пожарите, заразните болести (чумата) итн. Сепак и во тие рани почетоци на прединдустриската урбанизација отпочнале економски, демографски и административно-културно, да се јавуваат извесни разлики, односно да јакнат и да се развиваат градовите и населените места сместени во централниот дел, во непосредната близина на главните сообраќајни правци, а истовремено опаѓало значењето на градовите кои со државните граници добиле периферно значење.

Иако сообраќајот имал едно од доминантните места во развојот на градовите, доста влијание имале и економските, военостратешките и административно-културните прилики.

Поради фактот дека голем број на македонските градови имале поволна положба на главните комуникациски правци — сообраќајници,

условило тие во исто време да се развијат и како економски центри. Кон тоа во голема мерка придонесла и нивната просторно-физичка конфигурација. На територијата на Македонија постојат повеќе котлини и речни долини, што овозможило, речиси во секоја од нив да се развие градска населба која вршела улога на помал или поголем стопански центар. Во принцип во секоја котлина се развила по една градска населба (Скопје, Кичево, Дебар, Куманово и др.), а понекогаш и две градски населби: Полог (Тетово и Гостивар), Струмичката котлина (Радовиш и Струмица), Пелагонија (Прилеп и Битола) итн.

Во однос на економската основа, покрај земјоделството, кое било значително застапено, позначајно место имало занаетчиството и трговијата. Во минатото, во Македонија развојот на ниту еден град не отпочнал под влијанието на индустријата како динамична и пропулзивна сила на урбанизацијата.

Значително влијание врз развојот на некои градови извршиле и воено-стратегиските и администрартивно-управните фактори.

Во времето на турското владеење Македонија била поделена на вилаети со седиште во Скопје и Битола или санџаци, мали кази и нахии кои биле многубројни и имале свои касаби.

По 1918 година поголемите градови станале жупски седишта (Скопје, Штип, Битола), а по нив по своето значење и големина следеле окружните и околиските места.

Со последната административна поделба меѓу двете светски војни (1928) сите градови во денешна Вардарска Македонија биле припоени и административно организирани како Вардарска Бановина со седиште во Скопје, а останатите градски населби станале околиски места, со што брзо отпочнале да се развиваат низа функции на градовите: административно-управни, судски, воени, финансиски, културно-просветни итн.

### 1.1. Матерјална основа на прединдустриската урбанизација во Македонија

Постојат многу скудни податоци за матерјалната основа односно стопанските функции на градовите во Македонија. Иако постоеле нагласени разлики помеѓу одделни градови, сепак некои ретки монографски истражувања[8] укажуваат дека матерјалната основа на градовите во Македонија преставувале: трговијата, занаетчиството, земјоделството и сообраќајот.

**Трговијата** во раниот труски период не била развиена поради предимно натуралниот карактер на стопанството, и неразвиените односи на размена помеѓу градот и селото. Пред крајот на турското владеење

---

[8] Ретки примери во тој поглед претставуват монографијата на д-р Јован Трифуноски, Македонска градска насеља и книгата на д-р Данчо Зографски: Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење.

со развојот на капиталистичките елементи во стопанската структура и развојот на стоковно паричните односи, трговијата се развила како изразито градс кадејност, со која се занимавал значителен дел на населението. Постепено градовите се развиле како економски центри на одделни краишта — региони. Во градовите селското население од околните села ги продавало своите селско-стопански производи и тоа обично во еден ден во неделата (во пазарен ден) и на определено место во градот. Постоеле и одделни специјализирани пазарни места како што се житен пазар, сточен пазар, пазар за зеленчук и овошје итн.

Поради неразвиените сообраќајни прилики и сезонскиот карактер на земјоделството и трговијата била поинтензивна напролет (поради продажба на јагнињата) или наесен (по прибирањето на реколтата), што во основна ги одразувало односите меѓу градот и неговата поблиска околина.

Во градските трговски дуќани, селското население се снабдувало и со останатите свои потреби, како што се: колонијалните стоки, занаетчиските стоки и разните фабрикати. Треба да се спомени дека трговијата била развиена и за потребите на градското население. Градовите особено оние поголемите, биле исто така центри на надворешната трговска размена, која на север се одвивала кон Белград, а на југ кон Солун и останатите делови на светот.

Околу 1929 година во Македонија постоелае олкоу 5694 трговски дуќани од кои околу 35% биле сконцентрирани во Скопје[9].

Дека трговијата претставувала значајна градска дејност цокажува и податокот дека непосредно по Втората светска војна со трговска дејност се занимавало 11,8% од активносто население на Скопје, 15,0% од активното население на Битола, 9,7% на Куманово и 9,3% населението на Тетово[10].

**Занаетчиссвото** во Македонија за разлика од некои други краишта и земји[11] се развило како исклучиво градска дејност. Во времето на раниот турски период, постоеле голем број занаети, кои подоцна под влијанието на ефтините увезени стоки, значително се редуцирал нивниот број.

Значително биле застапени занаетите кои се развивале на суровинската основа на земјоделството и сточарството. Во триесетите години во Македонија (без Скопје, Куманово, Дебар и Кавадарци), постоеле околу 1222 занаетчиски дуќани, и тоа пред сé како пекарски и столарски дуќани. Постоеле исто така околу 22718 занаетчиски дуќани кои се базирале на суровинската основа во сточарството (месарници, кожари, опинчари итн).

---

[9] Овие како и останатите иодатоци за стопанската активност, ако поинаку не е нагласено, се според Мил. М. Савиќ: Наша индустрија, занати, трговсина и иољоиривреда, део VII, Сарајево, 1929.

[10] Д-р Јован Трифуновски: Македонска градска насеља, Београд, 1949 стр. 14."

[11] За разлика од некои краишта во земјата, па и во Русија (на што укажува Ленин во Развитокот на капитализмот во Русија), каде занаетчиството се развивало и во селата во Македонија, заинаетчството преставувало типична градска дејност

И останатите занаети биле значително застапени во градовите на Македонија и тоа, ковачкиот, ѕидарскиот, грначрскиот и др.

Сé до педесеттите години, индустријата нема речиси никакво влијание врз урбанизацијата во Македонија. Некои мали индустриски капацитети се подигнати дури во четвртата деценија од овој век. Развојот на индустријата отпочнува со подигањето на хидроцентралите (Скопје, Тетово, Битола, Велес, Гостивар), а подоцна со развојот на млинарската индустрија, фабриките за сапун и алкалоиди во Скопје, фабриката за керамиди во Велес итн.

Сепак, постепено со развојот на производните сили, израснувала една специфична занаетчиско-индустриска структура. На тоа упатуваат и некои податоци за социјално професионалната структура на активното градско население во некои градови. На пример, непосредно пред војната со занаетчиство и индустрија се занимавало 29,4% од активното население на Скопје, 36,2% на Битола, 33% на Куманово, 32% на Тетово итн[12].

**Земјоделството** заземало значајно место во стопанската структура на градовите на Македонија. Со земјоделство се занимале покрај земјоделците кои живееле во градовите и бројни занаетчии, трговци и некои други социјални категории на градовите. Земјоделските производители во градовите предимно се занимавале со производство на зеленчук и овошје како и со производство на бостан. Покрај тоа на полињата во непосредната близина на градовите се одгледувале виновата лоза, афионот, тутунот и памукот. Додека производството на индустриските култури имало стоковен карактер и било наменето исклучиво за пазар, дотогаш производството на овошје и зеленчук имало натурален карактер, односно за задоволување на сопствените потреби.

За особено нагласеното стопанско значење на земјоделството кај градовите на Македонија, зборува и фактот дека непосредно пред Втората светска војна со земјоделство се занимавало на пример: 15% од населението на Скопје, 14,1% од населението на Битола, 31,1% од населението на Куманово и 29,5% од наеслението на Тетово[13]. Македонските градови на тој начин имале една изразито аграрна физиномија.

**Сообраќајот** во минатото, не само што имал нагласено значење за развојот и конституирањето на многу македонски градови и нивното афирмирање како стопански и културни центри, туку тој брзо се афирмирал како значајна стопанска дејност кој овозможувал вработување на значителен број на активното население.

Сообраќајот во минатото во Македонија главно се одвивал како друмски и железнички сообаркај. Друмскиот во минатото се одвивал со ќираџиството, колскиот превоз и автомобилскиот транспорт. Автомобилскиот сообраќај веќе во четвртата деценија имал доминантно

---

[12] Д-р Јован Трифуноски, Ibid. стр. 14.

[13] Д-р Јован Трифуновски, Македонска градска насеља, стр. 14.

место меѓу друмскиот сообраќај. Железничкиот сообраќај бил со ограничено влијание врз развојот на прединдустриската урбанизација во Македонија.

Друмскиот сообраќај помеѓу градовите и нивната поблиска и подалечна околина не бил развиен. Локалниот сообраќај меѓу градовите и селата се одвивал главно низ разни патеки, полски патишта, и тоа пешки или со влечна кола. Во сообраќајот, пред крајот на Втората светска војна било вработено 12,1% од активното население на Скопје, 6,9% од населението на Битола, 5,9% од населението на Куманово, 4,2% од населението на Тетово.

Нестопанските дејности во градовите на Републиката долго време биле неразвиени и не давале соодветен импулс на процесите на урбанизацијата. Така, на пример, организираното школување на градското население сè до втората половина на минатиот век (основањето на основните училишта во Битола и Скопје), било наполно непознато. За време на Турците постоеле училишта наречени медреси, и тоа во поголемите градови, наменети за муслиманите за спремање муслимански верски лица — оџи. Муслиманите можеле да се школуваат исто така и во Воената академија во Скопје.

За време на стара Југославија, отпочнало отворање на учителски школи, занаетчиски училишта и гимназии во неко градови, а во 1920 година во Скопје е основан и Филозофскиот факултет.

Освен во Скопје, високошколуваните кадри од Македонија се школувале на Белградскиот и Заграпскиот универзитет и тоа предимно на право и медицина. Сè до 1920 година не постоел дневен печат и тој главно кај нас стигал од Бугарија, Србија и Русија. Дури во 1920 година отпочнало излегувањето на дневен весник. Во натамошниот развој се развивал и јакнел нестопанскиот сектор и тоа пред сè преку проширувањето на школувањето, преку отворањето на библиотеки, печатница, театар (1918) итн. Заостанувањето на нестопанскиот сектор, имал свој одраз и на подоцнежниот материјален развој на Републиката.

### 1.2. Демографски аспекти на прединдустриската урбанизација во Македонија

Анализата за населеноста или развојот на процесите на урбанизацијата во поблиското и подалечното минато во Македонија, поради непостоење на организирана статистичка евиденција е сврзано со низа тешкотии. Турските власти за време на своето владеење вршеле извесни „бележења" на населението, но, пред сè за потребите на војската и администрацијата. Првите организирани пописи на населението се спроведени во Стара Југославија во текот на 1921 и 1931 година, и оттогаш посигурно можат да се следат процесите на урбанизацијата.

Водени од желбата сепак да реконструираме еден дел од материјалната култура на македонскиот народ, од една страна, и непостоењето на сигурна документација, од друга, во вакви прилики истражувачот

е склон да се послужи и со помалку сигурни извори на податоци односно на некои монографски истражувања вршени за други цели[14].

Македонија во минатото била изложена на силни влијанија на разни идејни струења, култури и цивилизации, што значително придонело, на нејзината почва да биде бројна населеноста во поголеми населби — градови, слично како и во земјите на античкиот Медитеран, иако населеноста во малите населби-села доминирала.

Податоците од тоа време, укажуваат дека највисока точка на концентрација на населението во градовите на Македонија достигнало околу 1900 година, а потоа, во периодот 1900 — 1921 дошло до намалување на градското население.

Во денешните градови на Рецубликата, кои и тогаш имале над двеилјади жители, живееле апсолутно околу 280,000 жители. Во 1914 година, веќе нивниот број се намелил на 266.164, а во 1921 тој број опаднал на 212.910 жители. Иако суштествува процес на намалување на бројноста на градското население, сепак неговото релативно учестов не се променило позначително. Градското население го задржало своето релативно учество на олкоу 27—28% од вкупното, што споредено со останатите републики и земјата во целина преставува висок степен на урбанизираност на населението.

До промените во бројот на градското население, односно до неговото апсолутно намалување дошло пред сè како резултат на воено-политичките збиднувања кои се случиле пред крајот на турското владеење во Македонија. Имено со нејзиниот пораз во Балканските војни, од територијата на Македонија непрестајно се иселувал голем дел на турското население кое живеело во градовите. Покрај тоа, во тој период на пустошење по територијата на Македонија голем, дел од македонското население било физички уништено и тоа предимно во градовите покрај позначајните сообраќајници, а еден друг дел непрестајно се иселувал и ја напуштал својата родна грутка, за да замине во прекуокеанските земји или во Буграија.

Урбаната концентрација на населението покажувала една карактеристична специфичност во таа смисла, што речиси 55% од градското население живеело во градови чија големина се движела над 10.000 жители, а најголеми градови биле Битола 37.000 и Скопје 32.00 жители. Што значи не постоела концентрација на населеност над 100.000 жители, а учеството на двата поголеми града, Скопје и Битола, во вкупниот број урбано население, изнесува околу 1/3 од вкупното градско население.

Во 1931 година дошло до извесно згоелмување на градското население, односно тоа одново се покачило на 286.512 жители. Овој

[14] Овде во прв ред мислиме на монографијата на Васил К'нчов: Македонија, етнографија и статистика, Софија, 1900 год., стр. 140—189,, од каде се користени uодатоuите за 1900 година, иака тој вели дека во Македонија живеат: Бугари, Турuи, Арнаути, Грuи, Евреи и други, но не и Македонuи.

За состојбата на населението во 1914 година користени се uодатоuи од стратијата на д-р Митко Панов, Географски разгледи бр. 5/1967. а за 1912 и 1931 година користена е статистичка документаuија.

пораст на населението во градовите бил резултиран пред сè од природниот прираст на населението, но и од влијанието на колонизацијата која коинцидира со овој период.

До наголемување на градското население доаѓа и по ослободувањето, во 1948 година кога е спроведен првиот повоен попис, и тоа изнесувало 307,6781 жители или 26,7% од вкупното, и во 1953 година кога тоа бележи натамошен растеж односно апсолутно изнесува 381,600 жители односно 29,2 %од вкупното население во Републиката.

Би требало да се навратиме накратко на причините кои довеле до релативно високата прединдустриска урбанизација на населението во Македонија. За тоа можат да се наведат барем три позначајни причини.

**Прво**, во минатото во Македонија постоеле пространи предели кои немале елементарни услови за егзистенција па ниту за земјоделско производство. Тој дел на населението постојано пребегал во градовите, без оглед на тоа дали градовите имале потреба од работна сила или не. Еден дел од оваа население се вработувало во неземјоделските дејности, додека друг дел и во градовите продолжувало да се занимава со земјоделство. Овој вид преселнички движења, не бил стимулиран од развојот на индустријата и останатите неаграрни дејности. Овој факт укажува дека во Македонија се одвивал еден специфичен процес на хипер урбанизација, која означува неусогласеност на стопанскиот развој и урбанизацијата. Во случајот на СР Македонија, селското население не било привлекувано во градовите по логиката на развојот на стопанството и средствата за производство, туку тоа било „туркано“ во предградатката на градовите, пред сè поради сиромаштвото на руралните подрачја. Тоа е така наречената „урбанизација на сиромаштвото“ и значително се разликува од така наречената „нормална“ урбанизација, која означува урамнотежен социјално-економски, демографски и просторен развој на населеноста[15].

**Второ**, на развојот на градовите и високиот степен на урбанизираност на населението во Македонија влијале и цела редица општествено-политички и пред сè вон економски причини и фактори. Имено, пред крајот на труското владеење, а и подоцна за време на владеењето на буржоаските режими, во Македонија постоела една атмосвера на општа јавна и општа политичка несигурност. Селското население во тој поглед, било почесто излагано на низа незаконски и политички репресалии и тортури од разни страни. Градовите во тој поглед претставувале побезбедни места за живеење, во кои незаконските, вонекономски притисоци врз македонското население биле помали и поретки. Се чини дека таа општа несигурност на која било изложено селското неление придонесла тоа масовно да се „отиснува“ во градовите и таму да побара засолниште и заштита за себе и за своето семеј.

[15] Д-р Душан Стеванивиќ: Урбанизациja, ИИЦС, Београд. 1973 год., стр. 5

ство. Тој дел на населението и таму продолжувал да се занимава со земјоделство, што придонесло градовите да добијат поизразита аграрна физиономија.

**Трето**, градовите и во тој период преставувале атрактивни места за населување односно за имиграција и поради фактор дека тие постепено сè повеќе се афирмирале како места со поголема концентрација на разновидни институции и веќе преставувале своевидни административни и културни центри. Тој дух на напуштеност и бесперспективност, кој со децении и векови преовладувал во македонското село без институции и без елементарен животен и општествен стандард на своевиден начин се одразувал на механичкото зголенување на градовите. На тој начич и градовите како населби и многу не се разликувле од селата, бидејќи во многу градови не било развиено комуналното стопанисување. Во голем број градови не биле решени елементарните прашања како: водоснабдувањето, канализацијата, електричната струја итн.

Иако било изразито механичкото движење на селското население кон градовите, а овие од своја страна не располагале со некоја динамична сила во матер алната структура, сепак како да не постоел проблемот на невранотеноста во градовите. Имено, поради ориентацијата кон земјоделството преголемата концентрација во градовите не предизвикувала некои посериозни стопански а уште помалку комунални или социјални последици. Позната е исто така поделбата на градовите од тој период на две групи: на чифчиски и печалбарски. Додека првите биле исклучиво зависни од аграрот како стопанска дејност, вторите печалбарењето го сметале како начин на живеење.

## 2. Урбанизацијата во СР Македонија по 1953 година

Во општествено-економскиот развој на Републикаата 1953 година се зема како гарнична линија која означува квалитативни промени во развојот на процесот на урбанизацијата.

Релативниот и апсолутниот пораст на градското население продолжува и натаму, пред сè преку миграцијата од руралните подрачја, со таа разлика, што сега веќе развојот на индустријата и воопшто секундарниот сектор на стопанството се јави како движечка сила на урбанизацијата.

Тоа е вр менски период во кој отпочна индустрискиот развој на некои градови, што ги предизвикуваше преселничките движења од селото, а со цел да се обезбеди потребната работна сила. Исто така непосредно пред тоа, еден голем број селани ученици во Народната револуција и НОБ е определија за градот како место на живеење и главно за неземјоделските професии.

Урбанизаацијата на населението во тој временски период се одвива со нагласен интензитет. Бројот на градското население и апсолутно и неговото релативно учество во вкупното, непрестајно се зголемува

Додека во 1953 година учеството на градското население во вкупното изнесуваше 29,2%, во 1961 година тоа изнесуваше 36,4%, за да се зголеми веќе во 1971 година на 48,8% и во 1981 година на 55,1%[16].

Апсолутно посматрано, бројот на градското население од 381.600 жители во 1953 година се зголеми на 1.054.809 житеци во 1981 година што изнесува поратс од 2,8 пати, односно утростручување на градското население.

Статистичките податоци укажуваат дека само САП Војводина во 1953 година (29,6%) и 1961 година (28,8%), има поголемо учество на градското население од СР Македонија. Но веќе во 1971 година, а уште повеќе во 1981 година СР Македонија се издвојува како најурбанизирана меѓу сите републики и покраини во СФРЈ.

Процесот на урбанизацијата на населението во сиот период по ослободувањето се одвива многу интензивно. Градското население се наголемуваше стихијно и неконтролирано пред сè за сметка на селското население, кое во процесот на миграциите и деаграривацијата го напушташе селото и земјоделството и се ориентираше кон градот и неаграрните дејности. Тој процес беше нагласено интензивен и во последната деценија (1971 — 1981 год.), кога дојде до зголемување на градското население за 31,3%, наспроти вкупното население кое се зголеми за 16,3% а селското само за 1,7%.

Неконтролираните миграциони движења и деаграризацијата на селското населеине придонесоа за појавата на некои последици по градот и руралните подрачја.

Во градовите дојде до појава на нагласена невработеност на работно способното население, кое претходно во рурацните подрачје беше ангажирано во земјоделството, а во градовите се појави како придружено членство на активните т.е. издржувано население.

Ништо помало не е заостреното станбено прашање во градовите и појавата на непլански населби на градското ткиво, заострувањето на разни комунално-инфраструктурни прашања од рзавојот на градовите итн.

Во исто време дојде во руралните подрачја, до напуштање и постепено руинирање на еден значителен станбен фонд, дојде до напуштање од процесот на обранотка на близу 150000 хектари земја погодна за обработка, до празнење на просторот и до своевидно нарушување на старосно-полната структура на руралната популација, односно до појавите на сенилизација и феминизација на селото.

СР Македонија има 29 градски населби, со различна големина, просторно-физички, економски и културни особености[17].

---

[16] Степенот на урбанизацијата во останатите републики и покраини е понизок од оној во СР Македонија. Во просек за СФРЈ, степенот на урбанизацијата во 1953 година изнесуваше 22,6%, во 1961 година 28,7% а во 1971 година 35,9%. Во СР Словенија степенот на урбанизацијата во 1953 год. изнесуваше 29,0%, а во 1971 год. 34,5%.

[17] Населби од градски карактер се: Скопје, Битола, Прилеп, Куманово, Титов Велес, Тетово, Штип, Охрид, Гостивар, Струмица, Кавадарци, Кочани, Кичево, Струга, Радовиш, Гевгелија, Дебар, Св. Николе, Ресен Неготино, Виница, Делчево, Берово, Крива Паланка, Пробиштип, Крушево, Кратово, Валандово и Пехчево.

Меѓу сите градови во Републиката, Скопје е најголем, а во повоениот период, тоа најинтензивно го наголемуваше своето население. За време на пописот на населението во 1948 година, Скопје имаше 87,674 жители, за во 1971 година бројот на населението да се зголеми на 312.980, а во 1981 година на 405.874 жители., или во времнскиот период од 1948 до 1981 година Скопје го зголеми своето население за 4,6 пати.

Скопје е единствен град во Републиката во категоријата градови со големина над 100.000 жители. Скопје веќе во 1953 година има повеќе од сто илјади жители и до денес тиа непрестајно го зголемува своето население пред сè со механичкиот прилив од руралните подрачја и од другите градови во Републиката и земјата. Во 1971 година и 1981 година, населението на Скопје учествува со 38,9% односно 38,5% во вкупното градско население на Републиката што преставува своевидна суперконцентрација на населението. Таа моноцентрична супреконцентрација му дава основен белег на процесот на урбанизацијата во Републиката.

Втората категорија на градови преставуваат онаа чија големина се движи од 20.000 до 100.000 жители. И оваа категорија градови покажува изразита тенденција на концентрација на населението. Во временскиот период од 1953 до 1981 година, населението во оваа категорија градови се зголемило од 113.321 на 512.400 жители или за повќе од 4,5 пати. Релативното учество на населението од ова категорија градови во вкупното градско население исто така се зголемува. Во 1953 година оваа категорија градови учествува со 27,7%, во 1971 о 44,5%, а во 1981 со 48,6%. Особено треба да се нагласи дека порастот на населението од овие градови е проследен со зголемувањето на бројот на градовите од оваа категорија, Во 1953 година нивниот број е четири, во 1971 година во оваа категорија се вбројуват десет, а во 1981 година дванаесет градови[18].

Третата категорија градови, чија големина е под 20.000 жители, наспроти претходните два типа градови, покажува тенденција на намалување на концентрацијата на населението во нив, како и намалување на нивниот број. Оваа категорија градови своето релативно учество во вкупното градско наеление го намали од 38,1% во 1953 на 12,9% во 1981 година, додека бројот на грдовите од оваа категорија во истиот временски период се намали од 24 на 16 градови. Поединечно, и овие градови покажуваат сепак некои тендепции на зголенмување на бројот на населението, пред сè за сметка на селското население. Во временскиот перио, 1971—1981 година населението во оваа категорија градови се зголемило за 43%.

Категоријата градови со големина од 5.000 до 10.000 жители покажуваат исто така тенденција на намалување на бројот на населението. Бројот на градовите во оваа категрија градови во времен-

[18] Во 1981 година градови од оваа категорија се: Битола, Прилеп, Куманово, Т. Велес, Тетово, Штип, Охрид, Гостивар, Струмица, Кавадарци, Кичево и Кочани.

скиот период 1953—1981 година остана непроменет, односно осум градови. Учесувото во градското население оваа категорија градови го намали од 13,2% во 1953 на 5,2% во 1981 година.

Едновремено, категоријата најмали градови 2.000 — 5.000 жители, го намали својот број од единаесет на два, а учеството во градското население од 2,2% на 0,6% о периодот 1953—1981 година.

Податоците укажуваат дека се одвива тенденција на оформување на градови со поголема концентрација на население.

Од изнесеното произлегува дека како слаба страна на демографските аспекти на урбанизацијата во СР Македониија се јавува проблемот на суперконцентрацијата на населението во најголениот град (Скопје). Слабостите се гледаат пред сè во еднострананата моноцентрична концентрација на населението, која преставува една од нај изразитите во земјата. Дотолку повеќе што разликата помеѓу најголемиот и вториот град по големина (Битола 80.832 жители) е поголема од пет пати.

Политиката на урбанизација во иднина би требало да стимулира развој на повеќе урбани центри со големина од 40.000 до 100.000 жители, кои ќе се развиват како комплементарни полови на развојот и ќе го следат развојот на Скопје[19].

Градовите во нашата Република се формираа под непосредно влијание на стихијниот — спонтаниот општествено-економски развој и засега не станува збор плански насочен урбанен систем или систем на градови. Па сепак и во таа стихијност, во нашата Ргепублика постои релативно поволен распоред на помалите и поголемите градови, односно на населението што природно гравитира кон нив. Во досегашниот развој на градовите и во источниот и во западниот дел во Републиката веќе се имаат издвоено некои градови кои ги имаат сите предуслови за прераснување во агломерациски системи, кои би извршиле комплементарна специјализација и концентрација на дејностите, и на тој начин би ја разбиле монистичката концентрација на Скопје.

Во источниот дел од Републиката таков погоден град е Штип со сите помали и поголеми градови кои гравитираат кон него, во западниот дел, втор агломерациски систем би можел да се развие од Битола и Прилеп и со некои помали градчиња, во централниот од Неготино, Кавадарци и Т. Велес би можело да се развие една линиска агломериција и евентуално на северо-запад од Тетово и Гостивар уште еден систем[20].

Од досега изложеното произлегува, дека политиката на долгорочниот развиток ,во однос на демографските аспекти на урбанизацијата (но не само со нив), треба да биде насочена кон создавање на

[19] Проблемот на оптималната големина на градовите е едно од помалку проучуваните прашања. Д-р Пајо Ивандеќиќ кој во шеесетите години го проучува оваа прашање дошол со сознание дека за наши услови тоа би биле градови со големина од 40—60,000 жители. Види: Политика урбанизације као одраз концентрације реги оналне организације привређивања, Економист 4/ 1965 г., Београд.

[20] За тоа повеќе види кај: Д-р Никола Узунов, М-р Ангел Георгиев и други, Центрите на развојот во СР Македонија, Економски факултет, Скопје, 1977, стр. 55.

уште три до четрити покрупни агломерациски системи. Тогаш Републиката покрај Скопје би имала уште неколку агломерациски системи што би обезбедиле послкаден социјално-економски развој.

Со своето градско население (55,1% во 1981 год.), СР Македонија преставува во рамките на земјата најурбанизирана република. За тоа како што видовме, постојат специфични историски, општествено-политички, економски и други причини. Истовремено овој висок степен на урбанизираност во наши услови, се јавува во недоволно развиена и недиференцирана економска структура. Во иднина престои еден интензивен процес на натамошен развој и диференцирање на економската структура што ќе се оствари пред сè со специјализацијата и со развојот на компаративните предности на оддецни подрачја и региони.

## 3. Индустријата како движечка сила на урбанизацијата

Анализата за развојот на стопанските и нестопанските дејности и активности во населбите кај нас е сврзана со низа тешкотии, од причина што голем број на релевантни показатели за активностите и дејностите нашата официјацна статистика (но не само нашата) не ги прикажува според населените места со што го оневозможува согледувањето на развојните тенденции на така наречените функционални или економски аспекти на урбанизацијата.

Голем број од релевантните показатели (основни средства, вработени по дејности, општествен производ, народен доход итн. се презентираат за комуните како општествено-политички и територијални заедници. Иако некои елементарни показатели се презентираат на ниво на градови, тоа не го менува сознанието за недостигот на објективни пред сé економски показатели.

Во истражувачката практика кај нас, постојат извесни обиди со помош на дополнителна обработка на некои податоци, тие да се прилагодат и за овој вид анализа[21]. Во недостаток на други податоци иако истите се од постар датум ќе се послужиме за илустрација на овој аспект на нашата анализа. Впрочем, и не е секогаш единствена цел на научните истражувања точно — егзактно одмерување на извесни категории, туку извлекување на развојните тенденции, укажувајќи притоа на можните правци на идниот развој.

За развојот на дејностите и активностите во градовите на Македонија, ние веќе нешто рековме (во делот посветен на економската основа на прединдустриската урбанизација), а во натамошната наша анализа, тежиштето на излагањето ќе биде сконцентрирано врз развојот на индустријата или поточно на проблемите сврзани со нејзиното лоцирање во националниот простор. Развојот на индустријата е од

[21] Проблемот на територијалната структура на активностите и дејностите поопстојно е третиран во студијата на д-р Н. Узунов, м-р А. Георгиев и др. : Центрите (половите) на развојот на СР Македонија од каде и користиме податоци за илустрација на овој проблем.

централно значење за развојот на современите агломерации бидејќи таа по својата природа е стопанска гранка која го движи не само сопствениот развој, туку и развојот на останатите дејности и активности.

Веќе претходно спомнавме, дека сè до периодот по ослободувањето, индустријата како дејност не се јавуваше како фактор, за создавање и развој на градовите. Дејностите кои имаа значење за прединдустријската урбанизација во Македонија беа: занаетчиството трговијата и земјоделството. Овие дејности по својата природа не беа во состојба да овозможат развој на останатите дејности и активности во градовите како агломерации односно како најистурени точки на развојот.

Меѓу сите градови во Репубциката, најнапред со процесите на индустријализацијата биле зафатени: Скопје, Т. Велес и Битола. Градовите во периодот на прединдустриската урбанизација, главно се развивале под влијание на механичкиот прилив на населението од аграрните подрачја со доселувањето на мухаџириите по Берлинскиот конгрес, како и со влијанието на чифлигарските аграрни односи, кои во Македонија делувале сè до 1912 година.

Развојот на индустријата како дејност во градовите на Македонија, нешто понагласено се развивала во временскиот период меѓу двете светски војни, односно со првите почетоци на капиталистичкиот развој во производството. Развојот на индустријата отпочнал преку развојот на прехранбената, тутунската, дрвната и текстилната индустрија, односно преку оние гранки на индустријата кои главно се означуваат како непропулзивни и трудоинтензивни[22].

По ослободувањето, индустријата отпочна да се развива речиси во сите помали градови, макар со по еден капацитет (погон), што значи и во градовите кои претходно немаа своја индустрија. Оваа ориентација беше на извесен начин логична, бидејќи градовите, во таа иницијална етапа на индустријализацијата, преставуваа попогодни места за локација на новите индустриски капацитети. Овде во прв ред мислиме на расположливата работна сила, која како градски пролетаријат можеше најбрзо да се вклучи во индустриската организација на работата, како и можноста за искористување на онаа минимум расположлива инфраструктура кај македонските градови.

Процесот на индустријализацијата во градовите на нашата Република во почетокот се одвива релативно бавно, но подоцна тој се интензивира, така што веќе во 1957 година постојат околу 300 индустриски погони, со зголемен обем на индустриското производство за пет пати во однос на предвоеното ниво. Некаде околу шеесеттите години, покрај Скопје, Битола, Прилеп, Титов Велес, Куманово и Тетово, како индустриски центри се појавија и Штип, Охрид, Струмица, Кочани, Гостивар, Кавадарци, Гевгелија, Струга и Кичево кои имаа барем по

[22] Се цени дека во почетокот на XX ек, на денешната територија на СР Македонија имало околу 40 индустриски капацитети. Види: Д-р Лазар Соколов: Индустријата во Македонија до 1912 год. во зборникот: Индустријата на НР Македонија, стр. 16—22, Економски институт, Скопје.

четири индустриски погони (основани организации на здружен труд), со преку 1.000 вработени лица во индустијата. Бројот на индустриските центри (ако така може да се каже), се зголеми од шест на четиринаесет. Меѓутоа, паралелно со општиот стопански развој, кој во оваа етапа се одвиваше интензивно, бројот на така наречените индустриски центри веќе во 1966 година се зголеми на 24. Имено, кон градските населби кои имаат по барем четири индустриски погони и најмалку 1.000 вработени во индустријата се приклучија и градовите: Ресен, Св. Николе, Делчево, Виница, Радовиш, Берово, Кратово, Пехчево, Пробиштип и Дебар, не сметајќи ги овде индустриските центри кои во меѓувреме се афирмираа надвор од градските населби: Лојане, Радуша, и Јегуновце[23].

Уште со почетокот на индустријализацијата во Македонија, особено беше нагласена улогата на Скопје како републички и административен центар во поглед на концентрацијата на индустријата. Во 1957 година една третина на индустриските капацитети се лоцирани во Скопје, меѓутоа неговата улога како пол на развојот се зголемува главно по тој период.

Во првата етапа на индустријализацијата по ослободувањето, локацијата на индустријата кај нас следи главно една административан логика. Имено, од вкупниот број индустриски капацитети во тој период, 77% се лоцирани во бившите околиски градови (Скопје, Т. Велес, Прилеп, Битола, Куманово, Тетово и Штип. Во таа прва етапа на индустријализацијата кај нас, покрај тоа отпочнува развојот на индустријата и во повеќе мали градови и села, во кои претходно не постоеја индустриски капацитети. Тоа овозможи еден нов квалитет во општествено-економските односи во тие главно мали населени места (мали граоввн и села), а воедно го означи развојот на Пробиштип како нова градска населба, која се разви врз основа на рударството како стопанска дејност.

Развојот на индустријата продолжи со несмален интензитет, така што веќе во 1966 година во Републиката постојат 513 индустиски погони (ООЗТ), кои општествениот производ во однос на 1957 година го зголемиле за 3,5 пати[24]. Карактеристично е што индустријата и натаму има изразито концентричен ток, и тоа главно кон Скопје и останатите поголеми градови. И во оваа етапа од индустијализацијата карактеристично е што индустријата не продира во сите градови со еднаков интензитет (некаде побрзо, некаде побавно), но сепак укажува на еден развоен процес. И во оваа етапа отпочна изградбата на извесен

---

[23] Меѓу авторите во науката кои го застапуват гледиштето, дека границата од четири индустриски капацитети и 1000 вработени во индустријата преставува долен праг за индустриските центри, кај нас спаѓа и д-р Никола Узунов, Види: д-р Никола Узунов: Индустриските центри и реони во СР Македонија, Економски институт, Скопје, 1970 год.

[24] Извор на податоците претставува веќе цитираната студија на д-р Никола Узунов: Индустриските центри и реони во СР Македонија, Економски институт-Скопје, 1970.

број преработувачки капацитети во некои селски населени места што го означуваше зачетокот на процесите на индустријализацијата и урбанизацијата во руралните подрачја кај нас.

Основната нагласка во индустрискиот развој во периодот по стопанската реформа беше главно даден на процесите на модернизацијата и реконструкцијата на индустриските капацитети. Па сепак и во тој период беа ибзградени некои нови капацитети, а во исто време отпочнува една тенденција кон дисперзија на некои дејности односно гранки на индустријата, кон помалите градови. Во тој период се афирмира една рационална логика во локацијата на индустријата. Имено, во новонастанатите услови, локацијата на индустријата го следеше изворот на суровините во едни случаи, во други прилики специфичната трудоинтензивна индустрија, го претпочиташе вишокот на работната сила од аграрниот сектор, како и можноста за активирање на рудното богатство. Дисперзијата беше обусловена и од развојот на градските агломерации како центри на развојот, потоа од достигнатиот степен во развојот на инфраструктурата, од условите за развој на сообраќајот, од снабденоста со електрична енегија итн., но во исто време и од достиганатиот степен во развојот на образовната и квалифијкационата структура на населението и работната сила.

Индустријата кај нас главно се разви како градска дејност. Тоа го потврдуваат и податоците кои укажуваат дека во 1972 година, во градовите на Републиката беа лцирани односно концентрирани 93% од бројот на вработените, 77% од вредноста на основните срдства и 95% од вредноста на општествениот произод на индустријата. Истовремео процесот на концентраија на индустријата и натаму расте во Скопје со сите неегтивни економски и социјални аспекти, кои ги резултира тој растеж. Имено, во 1972 година во Скопје беа концентрирани околу 34,7% од бројот на вработените, 41,3% од вредноста на основните сревства и 36,3% од општествениот поизвод на индустријата во Реубликата[25].

Наспроти претходно изложеното, концентрацијата на индустријата во градовите над 20.000 жители, укажува дека десетте града во оваа група градови[26], учествувале во 1972 година со 47,2% од вкупниот број на вработените, 45,0% од вредноса на основните средства, како и 49,5% од вредноста на општествениот производ на индустријата.

И на крајот, анализирајќи го прашањето за териториjалниот распоред на индустријата, да спомeнеме дека групата градови со под 20.000 жители (осумнаесет на број), истата година учествувале, во вку-

[25] Изнесените податоци, како и оние што следат по натаму, ако поинаку не е назначено, се преземени од студијата на д-р Никола Узунов, м-р Ангел Георгиев и други: Центрите (половите) на развојот во СР Македонија, стр. 58—585, Економски факултет, 1977, Скопје.

[26] Во оваа група градови спаѓаат: Битола, Прилеп, Куманово Т. Велсес, Тетово, Штип, Охрид, Гостивар. Струмица и Кавадарци.

пниот број на вработените со 17,9%, во вредноста на основните средства со 13,7% и во вредноста на поштественот производ со 14,2%[27].

Иако податоците, споредени со оние во 1966 година, укажуваа на извесни процеси на децентрализација кон останатите поголеми и помали градови, тие сѐ уште нагласено ја изразуваат концентричната моќ на Скопје во однос на индустриските капацитети.

За да се утврди степенот на рамномерниот распоред на капацитетите во индустријата по целокупната територија на Републиката, односно по одделни групи градови, и кога основните средства ќе ги доведиме во сооднос со вкупниот број на население, се покажува дека нема битни разлики или отстапувања во пропорционалниот распоред на основните средства и населението. Меѓутоа, кога се има предвид фактот, дека останатите градови (освен Скопје), особено оние помалите (под 20.000 жители), за себе врзуваат поголем број на селско односно земјоделско население како и поголем дел од националната територија, тогаш се согледува негативното дејство од непропорционалниот или нерамнометниот распоред на производните фондови на индустријата.

Терцијарните дејности како што се: трговијата, угостителството и сообраќајот се исто, како и индустријара, главно концентрирани во градовите. Меѓутоа и во рамките на градовите, Скопје има изразито концентрична моќ. На пример, во 1972 година во Скопје биле концентрирани 52,3% од основните средства на угостителството и трговијата, потоа 49,5% од бројот на вработените, и 52,3% од вредноста на општествениот производ на трговијата и угостителството во Републиката. Што е особено карактеристично во однос на состојбата од поранешниот период, развојните тенденции се одвиваат кон натамошна концентрација во Скопје.

Во десетте града со големина над 20.000 жители, се забележува тенденција на опаѓање на економското значење на овие терцијарни дејности. Имено, во 1972 година нивното учество во основните средства изнесуваше 27,9%, а во бројот на вработените со 34,7%, што е извесно намалување во однос на состојбатв во 1966 година.

Останатите осуманесет града под 20.000 жители во 1972 година учествуваа со 11,3% во основните средства, 13,8% во бројот на вработените и 14,6% во општесвениот производ на трговијата и угостителството во Републиката. Оваа група градови покажува извесни тенденции на покачување на своето релативно учество во производните фондови на оваа дејност, но не за сметка на Скопје, кој и натаму покажува тенденции на концентрација, туку пред сѐ за сметка на десетте гпоголени градови во Републиката.

Слични тенденции како кај трговијата и угостителството постојат и кај сообраќајот како дејност во однос, на одделна група градови, со таа разлика што помалите градови покажуваат поголем степен на експанзија кон оваа дејност.

[27] Осуманаесет градови со бројност под 20.000 жители во 1971 год. се: Кочани, Кичево Струга, Радовиш, Гевгелија, Дебар, Св. Николе, Ресен. Неготино, Виница, Делчево, Берово. К. Паланка, Пробиштип, Крушево, Кратово, Валандово и Пехчево,

Во контекстот на активностите и дејностите во системот на агломерациите, важно место зазема и прашањето за развојот на нестопанските дејности. Овде во прв ред мислиме на развојот на насоченото средно, вишо и високо образование, потоа на развојот на културата, на развојот на социјаната и здравствена заштита итн.

Во досегашниот систем на хиерархиска развиеност на овие институции, а со тоа и дејности, познато е дека најголем број од нив ги има во Скопје, потоа по бројност следат поголемите градови (бившите околиски места), Во малите градови тие се сосема малку застапени и на крајот, во селата не постојат ниту најелементарните институции.

Имено, самиот развој на овие дејности во системот на агломерациите го упатуваат населението, за задоволување на своите потреби од споменатите дејности, да оди во населба — град од повисок ранг.

Населението во селските населби во наши услови, во својата населба, задоволува само некои примарни потреби како што се: основното образоавние, административните потреби — преку месната канцеларија, но не секогаш е снабдено со услугите на амбуланта, аптека, библиотека, кино сала итн.

Поради не постоење на овие елементарни институции во многу мали села, за задоволување на потребите, населението е упатено во градовите односно општеинските центри. Меѓутоа и населението од помалите градови за задоволување на некои свои културни и социјални потреби, е упатено на град од повисок ранг, во кој се развиени тие дејности.

Досегашниот развој на овие дејности (школството, културата здравството и др.) главно се одвиваше стихијно, што често пати доведуваше или до дуплурање и нерационално користење на капацитетите (здравството,), или пак до наполна неповрзаност на овие дејности по својата хиерархија.

Значењето на развиеноста на овие дејности и активности во населбата го надминува прашањето за задоволување на примарните потреби. Во поново време, развојот и унапредувањето на институциите од овие дејности сè повеќе се поставува како императив за развојот на другите стопански дејности. Имено, достигнатиот степен во општествено-економскиот развој укажува, дека во одредена агломерација не може успешно да се развива одредена стопанска дејност (земјоделство или индустрија), која во однос на природно-географаската конфигурација на теренот има одредени компаративни предности, ако успешно не ги реши прашањата од оваа дејност. Стручњаците од разни специјалности, кои по правило се дефицитарни во помалите агломера ции, неволно се впуштат во процесот на професионалното мигрирање- ако во таа населба нема минимум социален, просветен и културен стандард. Овој факт во иднина ќе преставува сé понагласена определувачка компонента на развојот на одделни дејности во малите градски и селски населби.

## 4. Социјално-економска структура на активното население во населбите на СР Македонија

За наполно расветлување на прашањето за концентрацијата на активното население во одделен тип агломерации посебно внимание заслужува анализата на територијалниот распоред на одделни социјално-економски категории на активното население во населбите.

Анализата на оваа прашање на самиот почеток не води до еден од првите и основни заклучоци. Имено, во сиот повоен период учеството на вкупното активно население во градовите на Републиката покажува тенденција на постојан растеж, додека во исто време активното население надвор од градските населби бележи тенденција на намалување. Само во временскиот период од 1961 до 1971 година, учеството на активното градско население е зголемено од 34,5% на 44.3%, додека активното население надвор од градските населби го намалило своето учество во вкупното активно, од 65,5% на 55,7%. Секако, притоа не е потребно да се докажуува, дека овој својвиден трансвер на работната сила, односно од руралните и екстензивни подрачја во градските населби, покрај со природниот прораст, е извршено пред сè со механичкиот прилив и деаграризацијата на селското население.

Слични развојни тенденции се одвиваат и кај вкупното население.

Територијалниот распоред на активното градско население, покажува извесни тенденции на промени од предходната положба, што секако има свои импликации и во структурните промени во развојот на дејностите кај одделен тип агломерации.

За илустрација на претходно реченото, ќе се послужиме со податоците од пописот на населението во 1971 година. Ако вкупното активно население во градовите на Републиката се означи со 100, тогаш во Скопје било концентрирано 40,0%, во десете големи градови со големина над 20.000 жители (без Скопје) 43,7%, и во осумнаесетте мали градови со големина под 20.000 жители 16,3%. Во однос на состојбата во 1961 година, активното население покажува тенденција на натамошна концентрација, и тоа во Скопје за 2,7%, како и кај десетте поголеми градови за 3,4%, додека кај осумнаесетте мали градови активното население во периодот 1961—1971 година се намалило за 8,9%. Од изложеното јасно се гледа дека сè уште во нашата република егзистира процес на концентрација на населението а со тоа и на активното, во поголемите градски населби, кое во наши услови изнесува над 20.000 жители.

Социо-економската структура на активното население исто така забележува значителни промени, како вкупно во Републиката, исто така и во одделни видови пред сè градски населби. Овие структурни промени во вкупниот фонд на општествениот труд, кои се остваруваат пред сè под влијание на општествените потреби кои ги регулира Законот на вредноста во пазарното стопанство, на ова ниво на стопански развиток на Републиката се манифестираат како зголемување на активното население во дејностите како што се: просветата и културата,

трговијата и угостителството, индустријата и рударството, и слично, а истовремено намалување на активното население во земјоделската дејност.

Податоците во изложената табела 1., уверливо ја поткрепуваат претходно изложената развојна тенденција. Имено, се гледа дека активното население во временскиот период 1961—1971 година, во индустријата и рударството се зголемило за 69,7% во просек за Републиката, додека во градовите тоа зголемување изнесува 84,9%, а за селата за 24,0%.

Посебно е карактеристично движењето на активното население во земјоделството и шумарството како примарни активности. Во просек за Републиката во временскиот период 1961—1971 година, дојде до намалување на активното население во овие дејности за 14,1%. Меѓутоа додека во селските населби дојде до намалување за 17,1 индексен поен, во градските населби се одвиваше процес на зголенмување на активното население во земјоделството и шумарството за 26,6%. Појавата на релативен растеж на земјодеското население во градовите, што е случај и во оваа етапа од нашиот општествено-економски развој, во социологијата се нарекува поселанчување на градовите. Нејзините извори главно се предиманзионираните миграциони движења, кои не се во согласност со развојот на матерјалната основа на градовите, но во поново време и развојот на агроиндустриските капацитети, кои во наши услови сè уште се врзани за градските агломерации.

Табела 1. Активното население во СР Македонија според активностите и местотон а живеење

| Год. | Насел. место | Дејност на активното население: Вкупно | Индустрија и рударство | Земјодрел. и шумарст. | Тргов. и угостит· | Култура и просвета | Останато активно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1961 | Вкупно | 554.373 | 54.219 | 326.584 | 17.812 | 17.409 | 138.349 |
| | Град | 175.988 | 40.719 | 22.681 | 15.009 | 11.979 | 85,600 |
| | Село | 378.385 | 13.500 | 303.903 | 2.803 | ç.430 | 52.749 |
| 1971 | Вкупно | 630.346 | 92.033 | 280.447 | 33.016 | 39.837 | 185.013 |
| | Град | 273.805 | 75.296 | 28.585 | 28,203 | 32.200 | 114.521 |
| | Село | 351.541 | 16·737 | 251.862 | 4.813 | 7.637 | 70.492 |
| Индекс | Вкупно | 113,7 | 169,7 | 85,9 | 185,4 | 228,8 | 133,7 |
| 1971 = | Град | 158,4 | 184,9 | 126,6 | 187,9 | 268,8 | 133,8 |
| 1961 100 | Село | 92,9 | 124,0 | 82,9 | 171,7 | 140,6 | 133,6 |

Извор: Книги за пописот на населението, за 1961 година книга XIV, а за 1971 г. книга VI, Сојузен завод за статистика.

Сепак останува впечатокот дека најинтензивен пораст на бројот на активното население е остварен во периодот 1961—1971 година во трговијата и угостителството како и во просветата и културата и тоа како вкупно во Републиката, исто така во градовите и селата. Останатото активно население, во табелата прикажано во последната колона, (која ги вклучува главно терцијарните активности како што се: занаетчиството, сообраќајот итн.), во посматраниот период се зголемило за околу една третина.

Промените во распоредот на вкупниот општествен труд во Републиката, во одделен вид населби и одделни дејности, уверливо ги илустрираат податоците за релативната структура на активното население.

Табела 2. Структура на активното население според дејностите и местото на живеење

| Год. | Населен. место | Вкупно активно население = 100 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Индустија и рударство | Земјодел. и шумрство | Трговија и угостител. | Култура и просвета | Останати активности |
| 1961 | Вкупно | 9,8 | 58‘9 | 3,2 | 3,1 | 25,0 |
| | Град | 23‘1 | 12,9 | 8,6 | 6,8 | 48,6 |
| | Село | 3,6 | 80,3 | 0,1 | 0,1 | 13,9 |
| 1971 | Вкупно | 14,6 | 44,5 | 5,2 | 6,3 | 29,4 |
| | Град | 27,0 | 10,3 | 10,1 | 11,5 | 41,1 |
| | Село | 4,9 | 71,7 | 0,1 | 0,2 | 20,1 |

Судејќи според бројот на ангажираните, во наши услови, и покрај значителните промени во смисла на намалување, земјоделството и шумарството се дејности кои вкупно за Републиката имале водечко економско значење како во 1961, така и во 1971 година. Според бројот на активното население следи индустријата и рударството кое во анализираниот период забележува значително зголемување односно подобрување на својата релативна структура, другите дејности, итн.

Анализирајќи ја структурата и настанатите промени според одделни видови населби, постојат и значителни отстапувања од општиот просек за Републиката. Така во градовите, судејќи според бројот на активното население, доминанто место има индустријата и рударството, која има тенденција на натамошно нагласено подобрување во релативната структура. Тенденција на зголемување на релативното учество на активното население е присатна и во дејностите како што се: трговијата и угостителството, просветата и културата, додека доаѓа до извесно намалување на активното население во градовите кај земјоделството и шумарството и останатите дејности. Релативното учетво на активното население во земјоделството и шумарството и во 1971 година е особено нагласено (10,3%), што укажува на карактеристичната аграрна физиономија на македонските градови.

Релативната структура на активното население во руралните населби, покажува поинакви состојби и движења. Кај нив и покрај, извесните позитивни движења во смисла на намалување на активното население ангажирано во земјоделството и шумарството, сепак овие дејности имаат доминантно економско значење, односно апсорбираат нешто повеќе од две третини од активното население во селските населби. Во поново време присутен е процес на интензивирање на другите дејности, пред сè: индустријата и рударството ,сообраќајот итн. ,но сепак останува општиот впечаток, дека во сегашната етапа на нашиот општествено-економски развој, селските населби својата егзистенција ја врзуваат речиси сосема за земјоделството и шумарството. Некои дополнителни податоци што ќе ги дадеме во нашата натамошна анализа, уште поуверливо ја поткрепуваат претходната констатација. Ќе ја проследиме имено, просторната дистрибуција (според одделен вид населби), на економските параметри како што се: народниот доход, бројот на вработените лица и основните средства.

Табела 3. Некои основни индикатори за концентрацијата на активностите во СР Македонија

| Индикатор / Населено место | Вкупно во СР Македонија = 100 | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 1966 | | 1972 | |
| | Градови | Села | Градови | Села |
| Народен доход | 86,2 | 13,5 | 70,9 | 30,1 |
| Вработени лица | 85,6 | 14,4 | 86,0 | 14,0 |
| Осн9вни средства | 79,7 | 20‘3 | 79,8 | 20,2 |

Извор: Центрите (половите) на развојот на СР Македонија, стр. 72, група автори• Економски факултет, 1977, Ск.

Податоците укажуваат дека во анализираниот период доаѓа до извесни промени кај овие индикатори, но не и така значително кои би означиле и поинаква општествено-економска положба на овие два типа населени места. Повеќе од две третини од доходот, бројот на врабо тените и основните средства, се концентрирани во градските агломерации што не соодветствува на пропорционалната застапеност на вкупното и активното население. Во однос на состојбата во 1961 година, во 1971 година дојде до извесна промена само кај тертиторијалната дистрибуција на народниот доход, но не кај останатите индикатори.

Уште повпечатлив е територијалниот распоред на овие неколку индикатори (народниот доход, бројот на вработените, и основните средства), кај оделен тип градски агломерации.

Табела 4. Некои основни индикатори за концентрацијата на активноста во градовите на СР Македонија

| Индикатор | Вкупно градови = 100 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1966 | | | 1972 | | |
| Населено место | Скопје | Градови > 20 000 | Градови < 20 000 | Скопје | Градови > 20 0000 | Градови < 20 000 |
| Народен доход | 46,4 | 39,8 | 13,8 | 44,0 | 42,5 | 13,5 |
| Вработени лица | 33,1 | 43,5 | 27,4 | 32,6 | 31,5 | 25,9 |
| Основни средства | 60,6 | 28,3 | 11,1 | 48,3 | 37,0 | 14,7 |

Извор: Центрите (половите) на развоѓот на СР Македонија, стр. 72, група автори, Економски факултет Скопје, 1977 год.

Во прв ред впечатлива е концентричната или подобро речено моноцентричната улога на Скопје. Иако во анализираниот временски период (1966—1972) се присутни извесни промени, тие се сепак недоволни да го изменат општиот впечаток. Имено, кај сите анализирани индикатори, е присутен извесен тренд на намалување на релативното учество на Скопје, иако кај основните средства тоа е позначително изразено.

Во временскиот период 1966 — 1972 година дошло до некои промени кај анализираните индикатори кај градовите чија големина се движи над 20.000 жители. Додека учеството на народниот доход и основните средства се зголемило кај овој тип градски агломерации, нивното учество во вкупниот број на вработените лица од градовите на Републиката значително е намалено во овој краток временски период.

Релативното учество во анализираните индикатори, кај категоријата градови чија големина се движи под 20.000 жители, само незначително е променето односно подобрено, во однос на основните средства.

## 5. Влијанието на современите технолошки процеси во агро-индустриското производство врз процесите на деаграризацијата и урбанизацијата

Во стопанскиот развој еден од основните завои во трансформацијата на стопанската структура претставува процесот на редистибуцијата на населението и работната сила од аграрниот кон неаграрниот сектор. Тој процес главно отпочнува надвор од аграрот со развојот на индустријализацијата, но има силен одраз врз развојот на земјоделството и порастот на продуктивноста на трудот на активните земјоделци. Редистрибуцијата на работната сила од аграрниот сектор е предизвикана од општествените потреби, а кои во основа ги регулира законот на вредноста во условите на стоковото производство. Во таа

смисла обично се вели, дека во земјоделството останува онолку работна сила или општествен труд, колку што останатите дејности не се во состојба да примат односно апсорбираат (резидуална популација).

Уделот на земјоделското во вкупното население во СР Македонија во 1948 година изнесуваше 68,2%, во 1953 година 62,7%, во 1961 гщдина 51,3%, и во 1971 година 39,9%.

Сè до 1953 година присутен е апсолутен пораст на земјоделското население, иако во меѓувреме тоа релативно опаѓа. Меѓутоа, по периодот од 1953 година и апсолутно и релативно постојано се намалува аграрната поцулација.

Земјоделското население во временскиот период од 1948 до 1953 година се зголемуваше со годишна стапка од 0,75%, во периодот 1953—1961 година тоа се намалуваше со годишна стапка од 1,57%, а во периодот 1961—1971 година се намалуваше со годишна стапка од 0,95%.

Поради изразито високиот природен прираст на населението, во стопански недоволено развиените републики и покраината Косово, во секторот на селото и земјоделството се наоѓаат значителни контингенти работна сила, иако во изминатиот период процесот на релативното намалување на земјоделскот население се одвиваше најинтензивно токму кај нив[28].

Во СР Македонија исто така постои силно изразен притисок на земјоделското население, кое е спремно во секој момент да премине во град, бидејќи во цросек и неговиот доход и неговата продуктивност на трудот се значително пониски, од доходите и продуктивноста на трудот во другите дејности и активноости на стопанството. Редистрибуцијата на работната сила од земјоделството се манифестира како миграциони движења и се одвива во еден сложен сплет на општествените односи и различни нивои односно видови.

Првиот облик на деаграризација и миграција на селското и земјоделското население кој воедно е најраспространет и врши најтемелни промени во аграрната структура, преставува целосното заминување од селото и земјоделството. Овој облик на миграција преставува наполна териториjална и професионална подвижност на земјоделското и селското население кое најчесто се вработува во неземјоделските дејности и во градот.

Вториот вид миграција преставува само професионалната подвижност која не ја вклучува промената на доминцилот. Имено, еден определен број активни членови на индивидуалните стопанства, постојано се вработуваат во индустријата и останатите дејности, но и натам остануваат да живеат во селото и селкото домаќинство во заедница со останатите членови кои се занимават исклучиво со земјоделска дјеност. Оваа специфична категорија „селани работници" или мешани

[28] Во СФРЈ учеството на земјоделското население изнесуваше: 1953 год. 67,2%, 1961 год. 50,2%, и 1971 год. 36,4%. Годишно тоа се намаллуваше: 1948—1953 год за 1,28%, 1953—1961 год. за 1,36% и 1961—9171 год, за 1, 35%.

домаќинства., релативно брзо се конституира во процесот на интензивната индустријализација и претставува многу занимлива категорија домаќинства и категорија вработени лица. Тие во основа го остваруваат својот доход по две или три основи што во целина им овозможува релативно поволна општествена положба на село.

Во седумдесеттите години (1969), во СР Македонија, од вкупниот број земјоделски домаќинства 43,0% или околу 68.000, им припаѓа на оваа специфична категорија домаќинства.

Покрај споменатите постојат и низа други облици на делумна деаграризација односно привремено мигрирање од секторот на селото и земјоделството (привремено вработување во земјата, привремено вработување во странство итн.).

Редистрибуцијата на земјоделското население, воглавно е покрената од влијанието на надворешните фактори, односно од процеситe на индустријализацијата на неаграрниот сектор на дејности и процесот на урбанизацијата. Меѓутоа во современите услови сé почесто доваѓа до редистрибуција на работната сила од аграрниот сектор, како резултат на некои современи технолошки и економски процеси. Бидејќи нашето земјоделство или е веќе зафатено со тие процеси или тоа ќе биде во иднина, ќе се обидеме да укажиме на некои од нив, односно на нивното влијание врз обемот на активно ангажираните во земјоделството.

**Прво**, тенденциите во развојот на технологијата во земјоделското производство го забрзуваат процесот на мигрирање на активната работна сила од земјоделството. Овде во прв ред ќе ги спомененеме: Употребата на авионите во сеидбата на страните жита, заштитата на посевите од болести и штетници, употребата на вештачките органски губрива, сестраната употреба на елеваторскиот и пневматски транспорт, сè поголемата примена на хибридите во растителното производство, агро и хидро-мелиорациите итн.

Соодветни промени се извршени во сточарството, како и во овоштарството и лозарството.

Во наредниот период реално е да се очекува дека со поголемата примена на сите поволни техничко-технолошки решенија (на досега неопфатените капацитети) ќе овозможи снижување на трошоците на производството а покачување на органскиот состав на факторите на производството, што ќе овозможи ослободување на извесни вишоци на работна сила од земјоделството, кои со постојаното ниво на технологија се сè уште ангажирани.

**Второ**, во наредниот период земјоделството ќе го подига и нивото на интензивноста на производството. Имено, објективните услови за производство во земјоделството, во прв ред земјата не може да се зголемуват, туку зголемените потеби за земјоделските производи можат да се остварат со повисоко ниво на интензивност и продуктивност на трудот. Интензивното земјоделско производство се одликува не само со зголемено, туку и со пропорционално вложување на труд

и средства за производство, со што се овозможува подобрување на условите за производство. Поголемиот обем на производство при ограничениот фонд на земјишни површини кои на земјоделството му стојат на располагање (како што е случај со нашата земја), може да се оствари исклучиво со подигање на нивото на интензивноста на производството.

Трето, потребите за окрупнуввње на производството исто така создаваат извесни можности за зголемување бројот на активните земјоделци, кои во догледно време би требало да го напуштат земјоделството.

Современите средства за производство и современата технологија, за своето оптимално искористување се повеќе како императив го поставува проблемот на концентрација и централизација на производството. Очигледно е дека најцелисходно во економска смисла е крупното организирано производство, кое има мноштво предимства пред ситното и автархично земјоделско производство. Според, денешниот степен на развојот на средствата за производство, оптималната концентрација на земјишните површини изнесува околу 1.200 до 1.400 ха обработлива површина. Овој степен на концентрација на земјишните површини не е извршен ниту во земјите со полна слобода во купопродажните односи над земјата, па ниту кај нас каде постојат ограничувања во концентрацијата на земјишните површини за индивидуалните земјоделски стопанства.

Имајќи ја предвид поседовната структура на индивидуалните земјоделски стопанства во нашата Република чија просечна големина се движи околу 2,0 ха обработлива површина, како еден од поитните чекори во поглед на концентрацијата на површините се поставува проблемот на здружувањето на трудот и средствата на земјоделците. Всушност, здружувањето може да биде остварено на различни основи и во разни форми, со сите оние и во такви форми кои овозможуваат попродуктивно производство. На пример: во Франција се настојтува да се здружат барем четири земјоделски производители чија просечна големина се движи по 12—20 ха, што овозможува формирање на површина од околу 70—100 ха, што преставува долна граница за рационално користење на определен тип трактори со помала влечна сила.

Истото тоа се однесува и на проблемот на концентрацијата, односно на здружувањето во сточарството. Со концентрацијата на добитокот се остваруваат значителни заштеди на жив труд, подобро се механизира производниот процес и се хуманизира трудот, итн.

На пример, ако се здружат седум производители за заедничко чување на крави во една штала, а секој од нив има по 4 — 5 крави, тогаш секој од нив ќе треба само еднаш во неделата да работи околу кравите. На ваков и сличен начин, извршени се значителни процеси на окрупнување на сточарството во Данска. Општите општествени предуслови се уште поповолни кај нас за процесите на здружувањето, но се работи, ни се чини, за недостаток од чисто организациона природа. Така, по-

крај ослободувањето на извесни одвишоци на жив труд од земјоделството, на секој земјоделски производител би му останало слободно време и за други работи, а пред сè за разонода и културно издигнување.

**Четврто**, врз основа на крупното и здружено производство можен е и развојот на различни фази на производство на еден ист производ, односно се произведува суровина и производи од повисока фази на преработка. Тој процес на интеграција, кој во современите услови води до специјализација во производството и вертикална интеграција, овозможува не само порационално стопанисување во смисла на подигање на продуктивноста на трудот, туку и стабилно земјоделско односно агро-индустриско производство во целина, кај кое нема да бидат силно изразени сезонските осцилации во агро-продукцијата.

Сите претходно спомнати технолошки-економски особености, низ кои минува нашето земјоделство, укажуваат дека и во иднина од него ќе се ослободуваат значителни контингенти работна сила.

## 6. Последици во просторниот развој на населението од развојот на дејностите во населбите на СР Македонија

Развојот на дејностите во населбите обично е предодреден од: расположливите природни ресурси, инфра-структурната поврзаност на одделни природни и економски целини — региони, постојната стопанска структура на индустриското производство, административно-тероторијалната улога на населбата, близината на пазарот итн.

На примерот на СР Македонија, населбите во текот на речиси целокупниот временски период имаа примарно место во развојот и концентрацијата на индустриските капацитети и во развојот на одделни стопански дејности. Имено, затекнатата концентрација на населението во одделни населби, секогаш се поставуваше како предуслов за развојот на дејностите, иако во условите на пазарното стопанство, би било сосема нормално да постоеше и обратно влијание. Имено, концентрацијата на индустријата и одделен вид активности да се јават како фактор за агломерирање на населението. Освен во некои поодделни случаи како, на пример, во случајот на наслебите: Пробиштип, М. Каменица и други, каде како фактор се јави рударството и врз таа дејност се развија посебни населби, вакви примери на повратно влијание во другите дејности во нашиот повоен општествено-економски развој речиси не постојат. И во некои многу карактеристични примери на локација на дејностите во просторот, како во примерите на хромниот рудник Радуше, потоа во електометалургискиот комбинат во Јегуновце, не дојде до појава на нови типови населби односно агломерирање на населението, како во примерот на некои високо развиени земји.

Очигледно е дека во почетната односно иницијалната етапа во стопанскоит развој, постојните населби — градови, се јавуваат како фактор за локација на одделни објекти од индустријата, за подоцна, на едно повисоко рамниште во развојот, дејностите да се јават како

фактор на агломерирање на населението. Тој нов распоред на населението во просторот, покрај што се остварува со природниот прираст, предимно се остварува и со механичкиот прилив на населението од околните населби и региони. Примерот на Скопје во тој поглед е доста илустративен, бидејќи работната сила за неговата индустрија мигрираше, не само од неговата поблиска околина и територијата на Републиката, туку и од терирторијата на соседните републики и покраината Косово. Тој процес на нерамномерен механички прилив на населението во Скопје трае веќе подолго време, а особено е интензивиран по катастрофалниот земјотрес во 1963 година. Иако денес се преземаат некои палијативни мерки за спречување на процесот за натамозшно концентрирање на населението во Скопје, сепак суштината на проблемот е многу посложена и главно извира од спонтаниот развој на дејностите.

Имајќи го предвид високоит природен прираст и интензивните миграциони движења во Републиката и надвор од неа во изминатиот период, дојде до значителна промена односно зголемување на густината на населеноста. Во 1971 година во СР Македонија живееја 65 лица на 1 км², што е за околу 20 лица повеќе од состојбата во 1948 година. Сепак во однос на просекот на СФРЈ, СРМ спаѓа во редот на републиките со најниска населеност на населението по 1 км². Просекот на населеноста во Македонија е за околу 15 жители по 1 км² понизок од просекот на населеноста по 1 км² во СФРЈ.

Па сепак, кај одделни комуни како територијални општественополитички заедници, на кои статистички можат да се вршат овие споредби, покажуваат значителни отстапувања од републичкиот просек, и тоа како во поглед на големината на територијата што одделна општина ја зазема, бројот на населбите на нејзината територија и густината на населеноста изразена како број на жители на 1 км².

Иако од постар датум, податоците во приложената табела прилично јасно ги одразуваат постојните разлики[29].

Очигледно е дека (види ја табелата), четири општини (Скопје, Битола, Титов Велес и Прилеп) имаат територија со над 1.500 км², потоа следат 6 општини со територија од 1.000 до 1.500 км², 14 општини од 500 до 1.000 км², а останатите 7 општини се со територија помалиа од 500 км².

Бројот на населбите во една општина е секако различен, зависно пред сè од големината на нејзината територија и густината на нејзината населеност. Четири општини (Скопје, Битола, Куманово, и Прилеп) имаат преку 100 населби, десет оптшини од 50 до 100, а останатите општини имаат од 16 до 50 населби.

---

[29] Бројот на населбите и територијалната поделба на општините е прикажан според поделбата од 31. 3. 1971 година.

Табела 6. Некои показатели за територијалниот распоред на населението и населбите во СР Македонија

| Ред. број | Општина | Површ, во км | Број на населби | Структура во % | | Број на жители на 1 км$^2$ | | Населеност Индекс СРМ = 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | површина | населби | 1971 | 1981 | |
| | СРМ вкупно | 25 432 | 1 750 | 1000 | 100,0 | 65 | 75 | 100,0 |
| 1. | Берово | 806 | 16 | 3,2 | 0,9 | 25 | 25 | 38,5 |
| 2· | Битола | 1 798 | 128 | 7,1 | 7,3 | 69 | 77 | 106,2 |
| 3. | Брод | 924 | 54 | 3,6 | 3,1 | 17 | 13 | 26,2 |
| 4. | Валандово | 331 | 29 | 1‘3 | 1,7 | 28 | 234 | 43,1 |
| 5 | Виница | 432 | 16 | 1,7 | 0,9 | 38 | 43 | 58,5 |
| 6· | Гевгелија | 757 | 34 | 3,0 | 1,9 | 36 | 42 | 55,4 |
| 7· | Гостиавр | 1 342 | 91 | 5,3 | 5,2 | 61 | 76 | 93,8 |
| 8. | Дебар | 274 | 40 | 1‘1 | 2,3 | 67 | 83 | 103,1 |
| 9. | Делчево | 589 | 30 | 2‘3 | 1,7 | 36 | 40 | 55,4 |
| 10. | Демир Хисар | 443 | 38 | 1,7 | 2,2 | 35 | 33 | 53,8 |
| 12. | Кичево | 854 | 81 | 3,4 | 4,6 | 52 | 61 | 80,0 |
| 14. | Кратово | 376 | 31 | 1,5 | 1‘8 | 40 | 33 | 61,5 |
| 15. | К. Паланка | 720 | 52 | 2,8 | 3,0 | 41 | 37 | 63,1 |
| 16. | Крушево | 239 | 24 | 0,9 | 1,4 | 65 | 55 | 83,1 |
| 17. | Куманово | 1213 | 109 | 4‘8 | 6,2 | 94 | 104 | 144,6 |
| 18. | Неготино | 734 | 34 | 2,9 | 1,9 | 24 | 29 | 36,9 |
| 19. | Охрид | 1 069 | 57 | 3,3 | 3,3 | 51 | 60 | 78,5 |
| 20. | Прилеп | 1 675 | 107 | 6,6 | 6,1 | 58 | 60 | 89,2 |
| 21. | Пробиштип | 326 | 37 | 1,3 | 2,1 | 46 | 47 | 70,8 |
| 22. | Радовиш | 735 | 50 | 2,9 | 2,9 | 35 | 39 | 53,8 |
| 23. | Ресен | 739 | 44 | 2,9 | 2,5 | 32 | 35 | 49,2 |
| 24. | Св. Николе | 649 | 45 | 2.6 | 2,6 | 33 | 33 | 50,8 |
| 25. | Скопје | 1 814 | 126 | 7,1 | 7,2 | 214 | 277 | 329,2 |
| 26. | Струга | 507 | 52 | 2,0 | 3,0 | 96 | 114 | 147,7 |
| 27. | Струмица | 952 | 74 | 3,7 | 4,2 | 81 | 92 | 124,6 |
| 28. | Тетово | 1080 | 92 | 4,2 | 5,2 | 121 | 151 | 186,2 |
| 29. | Т. Велес | 1536 | 90 | 6,0 | 5,1 | 40 | 42 | 61,5 |
| 30. | Штип | 815 | 73 | 3,2 | 4,2 | 50 | 57 | 76,9 |

Извор: Статистички преглед бр. 85, и СГМ—73 и статистоцки преглед 116, Скопје, 198 .

Исто така и според густината на населеноста по одделни општини постојат значителни отстапувања.

Најгусто е населена општината Скопје (214 жители на 1 км$^2$), што преставува за околу 3,3 пати над републичкиот просек, а истовремено најретко се населени општините: Брод, Неготино и Берово (од 17—25 жители на 1км$^0$). Меѓу овие две крајности се наоѓаат општините со релативно густа населеност: Тетово (121 жител на 1 км$^2$), Струга

(96 жители на 1 км²), Куманово (94 жители на 1 км²), Струмица (81 жител на 1 км²), како и општините кои се наоѓаат под републичкиот просек како што се: Кочани, Битола, Дебар, итн.

Податоците укажуваат дека во изминатиот период, покрај тоа што се создадени зони и агломерации со исклучително висока концентрација на населението (во наши услови), како што е примерот со Скопската агломерација, Тетовска општина и други, истовремено, спонтаниот развој на населеноста во Републиката доведе до типични подрачја и зони во кои е присутно празнењето на просторот. Како позначаен пример на тоа празнење на просторот со население (покарај споментатите општини), претставува месноста или подрачјето на Мариово, кое зазема значително пространство а поради низа околности претставува најненаселен дел во Републиката. Тоа може да има низа последици и општествени и чисто економски, но едвиентни се и последиците кои со тоа се пројавуваат на планот на територијалната одбрана и заштита во случај на евентуална војна или агресија.

Овие две карактеристични последици од досегашниот помалку или повеќе спонтан развој на населеноста (од една страна супер концентрацијата во Скопската агломерација, а од друга празнењето на просторот со население во некои општини и Мариово) е предизвикано пред сè со стихијните миграциони движења, односно во првиот случај од имиграцијата на населението и работната сила, а во вториот случај од емиграцијата и депопулационите движења. Треба сепак да се нагласи дека во некои општини до зголемување на населеноста дојде како резултат на зголемениот природен прираст (Тетово).

СР Македонија се наоѓа во својот стопански развој на она рамниште, кога настапува процес на распаѓање на натуралното земјоделство, кое беше поврзано со земјата како основен производен фактор и малите дисперзирани населби во просторот. Но во исто време овие структурни промени во националната економија и просторна организација не беа проследени со една планска и координирана акција, која ќе овозможи афирмација на другите производни фактори: матерјалните фактори, современата технологија, знаењето итн. и на таа основа еден поинаков тип на населеноста односно просторна организација.

Наместо дејностите да се јават како фактор на еден поинаков тип просторна организација, која нема да означува ниту суперконцентрација ниту празнење на просторот како две најочигледни последици, туку системи на населби или агломерациски системи, ние во нашиот повоен развој како стихијно да го потпомагавме развојот на класичната дихотомија село-град, а со тоа како да ги потенциравме сите последици кои произлегуваат од тоа.

7. Агломерациските системи како — перспектива на идниот развој на населбите во СР Македонија

Досегашниот процес на урбанизација кај нас не успеа да изврши некои потемелни промени кај традиционалните и карактеристично мали населби од дисперзиран тип, а истото се однесува на промените во општествената и економската физиономија на малите и средни градови. Постојната структура на населби, која се формирала во сложен стек на историски околности, релативно бавно се менува и тешко се прилагодува на новите квалитативни елементи во нашиот општествено-економски развој. Процесот на урбанизацијата кај нас се идентифицираше со брзиот подем на неколку големи градови (кај нас со подемот на Скопје), кое воедно ја навестуваше суперконцентрацијата со сите нејзини економски и социјални последици.

Урзбанизацијата како општ поим за просторната организација, во иднина треба да овозможи надминување на постојната структура на населби и нивното транфсормирање во современа мрежа на населби, кои ќе имат своја специфична хиерархиска функционална улога и ќе овозможат наполно користење на регионалните потенцијали.

Основни елементи на идната политика на урбанизацијата треба да преставува определувањето на извесен број (три до четири) агломерациски системи како системи на населби. Населбите во агломерацискиот систем би биле поврзани на основите на специјализацијата и функционалната комплементарност. Истото се однесува и до поврзаноста на агломерациските системи меѓусебно.

Имајќи го тоа предвид, не треба посебно да се нагласува дека досегашниот стихиен развој на урбанизацијата треба да биде заменет со претходно планирана акција. Планската интервенција на општеството би требало пред сè да овозможи определен степен на урбална концен трација на населението, промени во гранската и територијалната структура на стопанството што би овозможило натамошно проширување на општествената поделба на трудот и остварување на основните цели на натамошниот материјален и социјален развој (пораст на доходот по жител и хуманизација на општествените односи).

Определувањето на стопанските центри од регионално значење, кои би биле и основа на агломерациските системи во литературата е определено од два момента: право, од можноста секој од вие центри непречено да се развива и воедно да се активира пошироко подрачје од внатрешноста и второ, изборот на центрите треба да овозможи изградба на рационална регионална физиономија на стопанството и да има активен придонес за општиот стопански развој кој ќе се темели на широката општествена поделба на трудот. Кон претходно спомнатите, немало значење им се придава или поточно на претходните два момента треба да им се придодат и овие неколку моменти: „населбата треба да има локациона подобонст во однос на основнаата инфраструктурна мрежа, вклучувајќи ја и достапноста на пловните патишта, техничката решливост на снабдувањето со вода, положбата на населбата

во однос на суровинското подрачје и пазарот и предноста на населбата во поглед на агломерирањето на населението имајќи ги предвид условите за неговото снабдување со прехранбени и други производи за лична потрошувачка[30].

Повоениот развој на градовите кај нас, иако беше стихиен, сепак и во таа спонтаност постои извесна срекна околност во смисла на поволен распоред на помалите и поголемите градови во источниот и западниот дел од Републиката. Во веќе постојниот распоред на градовите постојат предусови со извесни плански интервенции тие да се организират во агломерациски системи.

Доразвивајќи ја оваа идеја, која помалку или повеќе егзистира кај повеќе истражувачи кај нас[31], во Републиката, без поголеми тешкоти би можело да се оформат четири агломерациски системи (вклучувајќи го и Скопје).

**Прво,** во источниот дел на Републиката, со Штип како регионален центар, би се развила една аглометација. Постојните помали и поголеми градови: Струмица, Радовиш, Свети Николе, Пробиштип, Кочани и Виница, со извесни плански пред сè функционални интервенции, би можела да се развие во комплексна стопанска и општествена агломерација во овој дел од Републиката. Имајќи го предвид Штип, како центар на оваа агломерација а Брегалница како нејзина средишна оска, тоа би била своевидна концентрична агломерација со радиус од околу 50—60 км. Бидејќи подрачјето на оваа агломерација сега веќе е поврзано со современ друмски а делумно и со железнички сообраќај, потоа решени се и останатите прашања на основната инфратруктура, не би имало некои поголеми препреки за нејзиниот развој.

Според податоците од 1971 година, на територијата на споменатите општини е концентрирано население од околу 240.000 жители, од што 39,7% градско население. Тие имале населеност од 53,6 жители на 1 км$^2$, а нејзината територија чинела 17,6% од вкупната територија на СР Македонија.

**Вториот** агломерацијаски систем кој би требало позначително плански да се насочува и стимулира во развојот, се наоѓа во централниот дел на Републиката и се протега по територијата на општините Кавадарци, Неготино и Титов Велес. Во овај агломерацијски систем треба да се стимулира развојот на некои помали населби од веќе трансформираните села: Демир Капија, Градско, и други, или евентуално да се планира развојот на некои нови населби. Оваа агломерација би била од линиски тип, познат како „Рурски тип на конурбација". Имајќи ја предвид долината на Вардар, развиениот друмски и железнички сообраќај и останатата инфраструктура, таа не би требало да има поголеми пречки во својот развој.

[30] Д-р Пајо Ивковиќ-Ивандекич: Политика урбанизације као израз концепције регионалне организације привређивањеа; Економст 4/1965, стр. 685. Београд.

[31] За тоа повеќе во студијата на д-р Никола Узунов, м-р Ангел Геогиев и други: Центрите (половите) на развојот на СР Македонија, Економски Факултет, стр. 97—85 1977, Скопје.

Кавадарско-велешкиот или централниот агломерациски систем во Републиката, во 1971 година заземал околу 13,4% од територијата на СРМ, а живееле 114.000 жители од кои 56,9% градско население. Оваа агломерација според постојниот територијален распоред на населението, спаѓа во најретко населените делови и изнесува само 33,4 житела на 1 км$^2$.

**Третиот** агломерациски систем би бил смсетен во западниот дел на Републиката, односно на територијата на градовите или општините Прилеп и Битола. Кон оваа агломерација би можеле да се приклучат или да се развијат и некои населби од општината Демир Хисар, како и некои мали населби во општините Прилеп и Битола. И овој агломерацијски систем би требало да се развива во таканаречен линиски тип. На територијата на овие општини во 1971 година живееле 237.000 жители или 48,9% во градските населби, со населеност од 60, жители на 1 км$^0$, а нејзината територија зафаќала 15% од територијата на Републиката.

**Четвртиот** агломерациски сцстем, претставува метрополитенската регија на Скопје, и покрај источната и оваа би била агломерација од концентричен тип.

Скопската агломерација помалку или повеќе е формирана и тоа по стихиен пат и во нејзиниот досегашен развој се пројавија низа слабости кои не би требало да се провлекуват во агломерациите кои се во стартот на својот развој.

Сцоред податоците од 1981 година во неа живееле околу 503.500 жители од што 80,6% во градот, таа заземала само 7,1% од националната територија а нејзината населеност се движела од 277, жители на 1 км$^2$.

Имајќи ги предвид изнесените податоци за секоја пооделна агломерација, сите четири во 1971 година концентрирале околу 60% од вкупното население, а 72% од градското население и околу 53,5% од територијата на Републиката.

Агломерациските системи во суштина треба да овозможат покривање на што поголем простор на националната стопанска територија, хиерархиски односи помеѓу населбите темелени на општествената поделба на трудот и специјализацијата.

По својата структура агломерациите насекаде во светот преставуваат сложени структури, составени од цел сплет на населби од различен тип и карактер, по својата функција строго диференцирани но сепак меѓусебно органски поврзани. Во нивни рамки не би се поставувало повеќе прашањето на градот, односно неговата идентификација, бидејќи тој веќе не се јавува како единствен носител на општествениот развој. Градот се јавува само као една од алките на системот и неговото место и по својата големина и физионоамоја е од напред определено од функционирањето на агломерацискиот систем во целина[32].

[32] Д-р Ивковиќ — Ивандекиќ: Агломерациони системи — израз концепцита територијалне организације и интеграције привреде Србије, Економска мисао, 1/1968, Београд.

Во услови на постоење и делување на агломерациски системи постојат предуслови и вековната спротивност, и класичната дихормија село-град, да бидат надминати а економско-социјалниот развој да се одвива како рурално-урбанен континуум.

Меѓутоа, доколу развојот на агломерациите се одвива стихијно, имајќи ја предвид нивната акцелетаорска и поларизаторска сила, брзо доваѓаат на виделина квалитативно и квантитативно нови проблеми во просторната организација на луѓето.

Во наши услови, примерот на Скопје во тој поглед е прилично илустративен. Овде покрај појавата на суперконцентрацијата, појавата на невработеноста, нерешените станбени прашања на голем дел од населението, проблемите во одржувањето на комуналната инфаструктура итн. постојат низа спорни прашања и во поглед на локацијата на низа објекти од стопанските и нестопанските дејности. Имено, во Скопје се лоцирани релативно голем број стопански капацитети од така нареченото ниско ниво на технолошка обработка која ангажира многу неквалификуван и физички труд. Постојат мислења дека и локацијата на железарата „Скопје", на цементарата и на некои други објекти во значителна мерка придонесла за предимензионираниот и неконтролиран механички прилив.

Денес Скопје, а во иднината и останатите поголеми центри во агломерациските системи, ќе треба да спроведуваат построга анализа во поглед на локацијата на објектите од одделни стопански дејности. Имено, од нив, постепено ќе треба да се селат односно дислоцираат објектите со ниско ниво на технолошка обработка во помалите и попериферните населби, а во нив поинтензивно да се развиваат објекти од дејностите со повисок степен на технолошко ниво и развој, кои бараат повеќе знаење и матерјални фактори а помалку труд (физички).

Колку и да изгледаат овие трендови во локацијата на одделни дејности, асоцијални (во смисла дека на неразвиените пак им останува пројата) и за многумина неприфатливи, тие се логични и во себе следат една рационална логика која е предодредена пред сѐ од достапноста и цената на факторите на производството. Во тој поглед, не без причина, насекаде во светот па и кај нас, современите процеси на индустријализацијата во недоволно развиените региони отпочнувала со развојот на текстилната индустрија.

**Risto Kartalov**

## URBANIZATION IN SR MACEDONIA

Summary

As the title tells us, the author of this work is dealing with more aspects of the process of urbanization.

The article is consisted of seven chapters in which, first of all are discussed: demographic, economic and spacious-physical aspects of urbanization.

In the introduction the author points out the social meaning of urbanization, and also some more important moments of the developement of the settlements in general, and the developement of the urban settlements, separatly.

The first chapter is under the name of: „Pre-industrial urbanization in Macedonia". In this part the author is dealing with the factors of early urbanization of this geographical area, pointing out some historical moments relevant to this process. In this part he shows that it refers to a specific kind of urbanization known as hyperurbanization.

The second chapter is treated the demographic aspects of urbanization after 1953. In fact that year is taken as a boundary for the beginning of industrializasion. In this part the author is trying to give us an explanation for the high expressed degree of urbanization measurd exclusively by the participation of the urban population in the whole population.

The developement of the argicultural and non-agricultural activities after the liberation, are fully analysed in the third chapter as a material, i e. a driving force of the process of urbanization. In a close connection with this chapter is also the analysis of the structure of the active population in the Republic according to the type of the settlements, which is fully analysed in the fourth chapter.

The influence of the contemporary technological processes in the agroindustrial production upon the processes of deagrization and urbanization is discussed in the fifth chapter.

The sixth chapter is treated the consequences of the elemental developement of the population in the settlements, i.e. the processes of urbanization. The author separatly shows the unequality in that developement, and the disproportions which occur in the spacious developement of the Republic. In that sense it is emphasised the monocentric overconcentration of pepole and activities (in our conditions) in Skopje from one side, and the emptying of the wide rural area. from another. About the perspectives of the urban, i.e. the spacious developement of the Republic, the author is discussing in the seventh chapter. From his own point of view, the author shows the need for stimulation in the process of the spacious developement of three or four agglomerative systems which would help more equal spacious developement and more equal distribution of the population ,activities and the settlements on the territory of the Republic.